**20181883413**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.10.2018 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/18 , 29/18, 85/18, 117/18, 139/18, 150/18, 160/18 и 172/18) во член 2 став (2) во табелата по подмерката 1.10 се додава нова подмерка 1.10-а. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.10-а. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9. за предадено јаболко на регистриран откупувач | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со јаболко и се корисници од подмерка 1.9. на оваа уредба и оствареното производство на јаболко од род 2018 година да е предадено на регистриран откупувач запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и да не се корисници на дополнителни директни плаќања од подмерката 1.10. од оваа уредба;<br>-Финансиската поддршка се исплаќа за количините кои се произведени и предадени до 25 декември 2018 година по цена не повисока од 5 денари по килограм;<br>-Висината на дополнителните директни плаќања изнесува 3 денари по килограм. |

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите: „1.7., 1.10., 1.12-а., 1.20. и 1.21.“ се заменуваат со зборовите: „1.7., 1.10., 1.10-а., 1.12-а., 1.20. и 1.21.“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9273/1
9 октомври 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.